УПРК.бр.18/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Тања Терзиева – како претседател на совет и судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз и Елизабета Васкова – како членови на советот, со записничар м-р Наташа Витанска-судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителите Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, изјавена преку полномошник Ана Камчева адвокат од Скопје, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-19/15 од 04.07.2025 година, по одржаната јавна расправа на ден 11.11.2025 година, во присуство на полномошникот на тужителите Весна Деспотоска адвокат од Скопје со заменичко полномошно од адвокат Ана Камчева од Скопје, и во присуство на овластени претставници на тужениот орган Валентина Николова од Скопје и Надица Четорошка од Скопје, на ден 18.11.2025 ја донесе и ја објави следната:

24.12.2025

09-19/20

I
ПРЕСУДА

Тужбата на тужителите Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата ПП.бр. 09-19/15 од 04.07.2025 година, СЕ ПОНИШТУВА.

II
РЕШЕНИЕ

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот орган да им ги надомести на тужителите трошоците во постапката во износ од 9,540.00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на решението.

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот до побараниот износ од 24.075,00 денари, СЕ ОДБИВА.

Образложение

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, во точка 1 во диспозитивот, утврдено е дека сега тужителите Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата биле должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата, да доставaт известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред поднесување на пријава за промена до Централниот регистар на РСМ на 10.10.2023 година, истите во наведениот период не поднеле известување за концентрација, со што сториле прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје му се изрекува санкција-глоба во износ од 307.000 денари што претставува 0.0063% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на

концентрацијата, и на тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, му се изрекува прекршочна санкција-глоба во износ од 307.000 денари што претставува 0.0136% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

Во точка 2 утврдено е дека тужителите иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 17.04.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, тужителите ја спровеле концентрацијата на 10.10.2023 година, со поднесувањето на пријава за промена до Централниот регистар на РСМ, со што сториле прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата за што на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје му се изрекува санкција-глоба во износ од 1.107.000 денари што претставува 0.0228 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, и на тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, му се изрекува прекршочна санкција-глоба во износ од 1.107.000 денари што претставува 0.049 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

За прекршоците од точка 1 и 2 од оспореното решение на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.414.000 денари што претставува 0.0291 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, и на тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.414.000 денари што претставува 0.0626 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, која се задолжени да ја платат во рок од 30 дена од правосилноста на решението.

Незадоволни од вака донесеното решение тужителите поднесоа тужба за управен спор, со која ја оспорија законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на пресудата, поради суштествени повреди на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека тужениот орган погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба бидејќи недоволно ги ценел доставените материјални докази како и дејствијата кои се превземени од страна на тужителите во насока на исполнување на обврската за достава на известување до Комисијата за заштита на конкуренција по член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, а со што се прекинати дејствијата кои претставуваат прекршок во моментот кога комисијата повела постапка. Имено тужителит постапувајќи во согласност со членот 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, доставиле Известување до Комисијата заради стекнување на заедничка контрола врз Друштвото Софија Градба ДОО Скопје, и со истото ја известиле Комисијата дека пазарите на кои делуваат учесниците во концентрацијата не се поклопуваат, поради што не постои опасност од концентрација со која би се нарушила ефективната конкуренција на релевантниот пазар или негов суштински дел. Дополнително тужителите ја напуштиле заедничката контрола врз Друштвото Софија Градба ДОО Скопје на 24.07.2024 година, односно помалку од една година по настанатата концентрација, што укажува на временска лимитираност на деловниот однос. Оттука тужителите не само што доброволно ја известиле Комисијата, туку и на фактичко ниво прекинале со однесување кое евентуално би се третирало како концентрација, од што произлегува дека не само што е тостранета правната состојба која била предмет на приговор, туку и дека отсуствуваат сите правни и економски услови за понатамошно водење на постапката. Тужениот орган при донесувањето на оспореното решение воопшто не го зел предвид фактот дека предметниот деловен однос на учесниците во концентрацијата-тужителите е со краток рок, односно истите заеднички учествувале во сопственичката структура на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Софија Градба ДОО Скопје до 24.07.2024 година, односно само осум месеци, како и околноста дека нивната намера била токму повторно

да ги продадат уделите во рок од една година од стекнувањето предвид нивната специфична деловна комуникација, што било видно од доставените докази Решение од ЦР на РСМ од 17.10.2023 година и Решението од ЦР на РСМ од 25.07.2025 година кои тужениот орган воопшто не ги ценел, ниту се повикал на нив во решението. Од друга страна тужениот орган донел решение УП.бр.08-80 од 17.04.2025 година, со кое утврдил дека концентрацијата со која тужителите стекнале заедничка контрола над Софија Градба ДОО Скопје е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став 1 точка 2 од истиот, од што произлегува дека и тужениот орган утврдил дека концентрацијата е дозволена и пазарно безопасна, што е суштината и на законот, да се спречи нелојална конкуренција и анулирање на последиците од таквото дејствување ма компаниите на пазарот, поради што сметаат дека изрекувањето на прекршочна санкција-глоба против тужителите пресметана согласно член 16 од Законот е превисоко одмерена. Исто така сметаат дека согласно член 43 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата тужителите ги исполниле критериумите за надминување на наводното нарушување-доставиле известување, ги приложиле релевнатните документи, не предизвикале штета, ја напуштиле концентрацијата, со што го отстраниле ризикот од нарушување, поради што тужениот орган требало согласно ставот 6 од истиот член да ја запре постапката, на што упатува и членот 37 став 2 точка 5 и член 36 став 4 од истиот закон.

Тужениот орган ги достави списите на предметот и во одговор на тужба наведе дека, останува во целост при наводите во оспореното решение, од причина што во конкретниот случај фактичката состојба била целосно и правилно утврдена и правилно било применето материјалното право, поради што предложи тужбата на тужителот да биде одбиена како неоснована.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до полномошникот на тужителите со цел да се запознае со неговата содржина, по кој истиот писмено се произнесе со Поднесок примен во Судит на ден 10.10.2025 година, во кој ги оспори во целост како неосновани наводите на тужениот орган дадени во одговорот на тужба.

Јавната расправа закажана за 11.11.2025 година, се одржа во присуство на полномошникот на тужителите и овластените претставници на тужениот орган. На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителите истакна дека останува при наводите наведени во тужбата и во писмениот поднесок-одговор на одговор на тужба од 10.10.2025 година и предложи судот да ја уважи тужбата и да го поништи оспореното решение.

Овластениот претсатвник на тужениот орган остана во целост на наводите дадени во одговорот на тужба, и на решението кое е донесено врз основа на правилно утврдена фактичка состојба и согласно законот и предложи судот да ја одбие тужбата на тужителите како неоснована.

Во доказната постапка Судот на расправата ги изведе следните докази: Оспорено Решение ПП бр.09-19/15 од 04.07.2025 година, Тековна состојба бр.0805-50/150020250266622 од 14.07.2025 година, Тековна сосотојба бр.0805-50/150020250266628 од 14.07.2025 година, Поднесок - доставување на решение бр.09-19/16 од 14.07.2025 година, Одговор на тужба ПП бр.09-19/17 од 08.08.2025 година, Поднесок - Одговор на одговор на тужба од тужителите од 10.10.2025 година, Писмено произнесување во однос на доставено Конечно известување за утврдена фактичка сосотојба бр.09-19/13 од 09.06.2025 година заведено под бр.09-19/14 од 18.06.2025 година, Доставување на конечно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-19/12/13 од 09.06.2025 година, Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-19/11 од 05.06.2025 година, Писмено произнесување во однос на доставено прелиминарно известување од тужителите заведено под бр.09-19/10 од 28.05.2025 година, Поднесок за доставување на Решение УП. бр.08-60од 17.04.2025 година,

Решение УП. бр.08-60 од 17.04.2025 година на Комисија за заштита на конкуренција, Доставување на прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-19/9 од 13.05.2025 година, Прелиминарно известување за утврдена фактичка сосотојба ПП бр. 09-19/8 од 13.05.2025 година, Известување бр.08-60 од 05.05.2025 година, Договор за пренос на удел склучен на ден 03.08.2023 година, Тековна сосотјба бр.0805-50/150020250077622 од 04.03.2025 година, Тековна состојба бр.0805-50/150020250134702 од 09.04.2025 година, Известување во врска со заклучок за поведување на прекршочна постапка бр.09-19 од 07.02.2025 година од тужителите, Известување за концентрација од 10.03.2025 година од тужителите, Достава на информација по заклучок за поведување на прекшочна постапка од тужутелот ДГТУ Бест Веј Инвестмент Скопје од 10.03.2025 година, Историјат на промени бр.0811-50/150020240105217 од 20.03.2024 година, Историјат на промени бр.0811-50/150020250077628 од 04.03.2025 година, Писмено произнесување од тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје за заведено под бр. 09-19/4 од 26.02.2025 година, Биланс на состојба и биланс на успех за 2022 година за тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје, Известување за концентрација од тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје од 05.04.2024 година со прилог доства на проспект за преземање од 20.02.2024 година, достава на ажуриран проспект за преземање од 06.03.2024 година, Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-19/1 од 07.02.2025 година, Достава на документација од тужителот Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје заведено под бр.09-19/3 од 14.02.2025 година со прилог биланс на состојба »и бисланс на успех за 2022 година за тужителот Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, Бруто биланс за 2022 година, »Доставување на Заклучок за поведување на прекшочна постапка бр.09-19/2 од 07.02.2025 година, Заклучок за поведување на прекшочна постапка ПП бр.09-19/1 од 07.02.2025 година, Известување УП. бр.08-64 од 26.09.2024 година, Известување за конценрација заведено под бр.08-64 од 15 03.2024 година, тековна состојба бр.0805-50/150020240105210 од 20.03.2024 година, Преглед на пдатоци од годишна сметка за 2023 година за тужителот Орка Холдинг АД Скопје, Тековна состојба бр.0805-50/150020250252020 од 03.07.2025 година Тековна сосотојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр.0813-50/150020250252026 од 03.07.2025 година, Текован состојба бр.0805-50/150020250252031 од 03.07.2025 година,Тековна сосотојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр.0813-50/150020250252034 од 03.07.2025 година, Преглед на поатоци од годишна сметка за 2022 година за Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, Преглед на поатоци од годишна сметка за 2023 година за ДГТУ Софија Градба ДОО Скопје, Текована сосотјба од 17.10.2023 година, Решение дел. бр/.35020240018232 од 26.07.2024 година.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата од тужениот орган, поднесокот-одговор на одговор на тужба и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа и изведените докази, најде дека:

Тужбата е основана.

Видно од списите на предметот на ден 29.06.2024 година, од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бил доставен допис ПП.бр.09-40/1 со цел да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член 60 став 1 точка 1 и/или член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Ова од причина што на ден 15.03.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата било доставено известување за концентрација со кое Орка Холдинг АД Скопје стекнува контрола над Жито Полог АД Тетово заведено под бр.08/64 од 15.03.2024 година. Од доставеното известување Комисијата за заштита на конкуренцијата утврдила дека Друштво за производство, трогвија и услуги Орка Холдинг АД Скопје во концентрацијата дејствува

заедно со акционерот Друштво за градежништво, трговија и услуги Софија Градба ДОО Скопје, кое поседува 2,875 обични акции односно 5,13% од основната главнина на Жито Полог АД Тетово. Дополнително во известувањето било наведено дека Орка Холдинг АД Скопје е содружник во Друштвото за градежништво, трговија и услуги Софија Градба ДОО Скопје, односно поседува 50% од уделите на Друштвото. Орка Холдинг АД стекнала заедничка контрола со Друштвото за граджништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ, над Софија Градба ДОО, со што настанала концентрација за која постоела обврска да се достави известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

На ден 07.02.2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок донела Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр ПП 09-19/1 против тужителите Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје, по кој заклучок писмено се произнеле тужителите и тоа тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ Скопје со писмен поднесок-одговор ПП бр.09-19/3 од 14.02.2025 година и со поднесок-дополнителен одговор ПП.бр.09-19/5 од 10.03.2025 година, а тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје со поднесок-одговор ПП.бр.09-19/4 од 26.02.2025 година. Со допис ПП.бр.09-19/6 од 12.03.2025 година тужителите доставиле дополнителни податоци и информации.

Со допис ПП.бр.09-19/7 од 05.05.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата ја изветил Комисијата за одлучување по прекршок дека на ден 1704.2025 година донела решение со кое утврдил дека концентрацијата со која тужителите стекнуваат заедничка контрола над Софија Градба ДОО, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата.

На ден 13.05.2025 година тужениот орган донел прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-19/8, кое со допис ПП.бр.09-19/9 од 13.05.2025 година е доставено до тужителите, кои со допис заведен под ПП.бр.09-19/10 од 28.05.2025 година се произнеле по прелиминарното известување.

На ден 05.06.2025 година тужениот орган донел конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-19/11 од 05.06.2025 година, кое со допис ПП.бр.09-19/12 и ПП.бр.09-19/13 од 09.06.2025 година е доставено до тужителите, кои со допис заведен под ПП.бр.09-19/14 од 18.06.2025 година се произнеле по конечното известување.

Врз основа на доставените податоци и документи тужениот орган ја утврдил следната фактичка состојба: согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 10.03.2025 година, а дополнето на ден 17.03.2025 година тужителите до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставиле известување за концентрација со која истите стекнуваат заедничка контрола над Софија Градба ДОО. Решението за оценка на предметната концентрација Комисијата го донела на ден 17.04.2025 година. Според податоците од Историјатот на промени во Софија Градба ДОО на ден 10.10.2023 година до Централниот регистар на РСМ била поднесена пријава за промена, меѓу другото и договор за пренос на удел, имено Орка Холдинг АД Скопје стекнала 50% од уделите во Софија Градба ДОО Скопје, со што стекнала заедничка контрола(заедно со постојаниот имател на удели Бест Веј Инвестмент ДООЕЛ) над Софија Градба ДОО, со што согласно член 12 став 1 точка 2 алинеја 2 од Законот за заштита на конкуренцијата настанала концентрација со промена на контролата на долгорочна основа. Со оглед дека со предметната трансакција тужителите стекнале заедничка контрола над Софија Градба ДОО Скопје, биле должни согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, да доставаат до Комисијата известување за концентрација, по склучување на Договорот за пренос на удел од 03.08.2023 година, а пред 10.10.2023 година, односно пред спроведување на истата, истите не поднеле известување за концентрација со што сториле прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Тужителите известување за наведената коцентрација до Комисијата доставиле на ден

17.03.2025 година. Тужениот орган утврдил дека концентрацијата е спроведена пред да биде поднесено известување до Комисијата и пред да биде донесено решение од Комисијата, со што постапиле спротивно на член 18 став 1 од Законот што претставува прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот. Тужениот орган утврдил дека времетраењето на прекршокот е од 10.10.2023 година како ден кога била спроведена концентрацијата до 17.04.2025 година како ден кога било донесено решение од Комисијата дека предметната концентрација е во согласност со законот, или прекршокот траел 1 година и 6 месеци.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба тужениот орган го донел сега оспореното решение ПП.бр.09-19/15 од 04.07.2025 година, со кое во точка 1 во диспозитивот, утврдил дека тужителите Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Вej Инвестмент ДООЕЛ Скопје, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата биле должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата, да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред поднесување на пријава за промена до Централниот регистар на РСМ на 10.10.2023 година, истите во наведениот период не поднеле известување за концентрација, со што сториле прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за кој согласно член 16 в.в со член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата за прекршокот од член 60 став 1 точка 1 од Законот на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје му изрекол глоба во износ од 307.000 денари што претставува 0.0063% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, а на тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Вej Инвестмент ДООЕЛ Скопје, глоба во износ од 307.000 денари што претставува 0.0136% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

Во точка 2 во диспозитивот утврдил дека тужителите иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 17.04.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, тужителите ја спровеле концентрацијата на 10.10.2023 година, со поднесувањето на пријава за промена до Централниот регистар на РСМ, со што сториле прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата за кој согласно член 16 в.в со член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје му изрекол глоба во износ од 1.107.000 денари што претставува 0.0228 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, а на тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Вej Инвестмент ДООЕЛ Скопје, глоба во износ од 1.107.000 денари што претставува 0.049 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 27 од Законот за прекршоците, на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје му изрекол единствена санкција-глоба во износ од 1.414.000 денари што претставува 0.0291 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, и на тужителот Друштво за градежништво, трговија и услуги Бест Вej Инвестмент ДООЕЛ Скопје, единствена санкција-глоба во износ од 1.414.000 денари што претставува 0.0626 % од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителите поради следното:

Согласно член 12 став 1 точка 2 алинеја 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ број 145/10..83/18 и Службен весник на РСМ

бр.208/24 и 16/25) Концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на: стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие или едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон.

Согласно член 14 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, Известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата се поднесува, ако:1) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или 2) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата.

Согласно член 15 став 1 од истиот Закон, учесниците во концентрацијата должни се до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието. Согласно став 3 од истиот член, За концентрацијата која настанува како резултат од спојување во смисла на член 12 став (1) точка 1) од овој закон или со стекнување на заедничка контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од овој закон, заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола. Во сите други случаи, известувањето го поднесува лицето односно претпријатието кое ја стекнува контролата на цело или дел од едно или повеќе претпријатија.

Согласно член 18 став 1 од истиот закон, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно член 15 од овој закон, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од овој закон, во смисла на член 19 став (1) точка 1) и 2), член 20 став (1) точка 1), 2) и 3) или пред да биде исполнета претпоставката од член 24 став (6) од овој закон.

Согласно член 60 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, комисијата за одлучување по прекршок на учесниците во концентрацијата кои имаат обврска да поднесат известување од член 15 од овој закон, со решение ќе им изрече глоба во износ до 10% од вредноста на нивниот вкупен годишен приход, пресметан согласно член 16 од овој закон, изразена во апсолутен и номинален износ, ако: 1) не поднесат известување за концентрацијата во согласност со член 15 од овој закон; 2) ја спроведат концентрацијата спротивно на член 18 став (1) од овој закон.

Согласно член 64 став 1 од истиот закон, При одмерување на глобата во предвид се земаат: 1) тежината на прекршокот; 2) времетраењето на прекршокот и 3)степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот. Согласно став 2, Комисијата за одлучување по прекршок, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Согласно став 5, Олеснителни околности кои се земаат во предвид при одмерувањето на глобата особено се: 1) ако сторителот на прекршокот доставил доказ дека ги прекинал дејствијата кои претставуваат прекршок во моментот кога Комисијата за одлучување по прекршок повела прекршочна постапка, со исклучок кога се работи за прекршок од член 7 став (1) точка 1) од овој закон; 2) ако

сторителот на прекршокот доставил доказ дека неговата вклученост во прекршокот е минимална и докаже дека за периодот кога бил учесник во забранет договор, всушност ја избегнувал неговата примена однесувајќи се конкурентски на релевантиот пазар; 3) ако сторителот на прекршокот ефективно соработувал со Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, независно од примената на член 65 од овој закон (leniency).

Согласно член 17 од Законот за прекршоците, (Службен весник на РСМ бр.96/19) Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди прекршочна санкција за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена прекршочна санкција сите така утврдени прекршочни санкции. Согласно став 2, Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена прекршочна санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Во конкретниот случај, Судот најде дека тужениот орган при утврдувањето на фактичката состојба и при одмерувањето на глобата не гиземал во предвид сите олеснителни околности во смисла на член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата и погрешно го применил член 27 од Законот за прекршоците, кој се однесува на изрекување на негативни поени, а не за изрекување единствена санкција за прекршоци сторени во стек како што навел тужениот орган во оспореното решение. Имено тужениот орган при утврдувањето на фактичката состојба и при одмерувањето на глобата не го зел во предвид фактот дека видно од решение на Централен регистар на РСМ Деловоден број 35020240018232 од 26.07.2024 година и Историјат на промени број 0811-50/150020250077628 од 04.03.2025 година, тужителите ја напуштиле заедничката контрола врз Друштвото Софија Градба ДОО Скопје на ден 24.07.2024 година, односно во моментот (07.02.2025 година) кога Комисијата ја повела прекршочната постапка со Заклучок бр. ПП 09-19/1, веќе не постои концентрација од страна на тужителите, бидејќи тужителите ја напуштиле концентрацијата (заедничката контрола врз Друштвото Софија Градба ДОО Скопје) на ден 24.07.2024 година, со што во моментот на поведување на прекршочната постапка, веќе биле прекинати дејствијата кои претставуваат прекршок.

Покрај наведеното тужениот орган недоволно ги ценел доставените материјални докази како и превземените дејствија од страна на тужителите, и не утврдил дали во конкретниот случај се исполнети условите за понатамошно водење на прекршочната постапка, бидејќи покрај погоре наведеното, тужителите доставиле и Известување до Комисијата за заштита на конкуренција заради стекнување на заедничка контрола врз Друштвото Софија Градба ДОО Скопје по што тужениот орган донел Решение УП бр.08-60 од 17.04.2025 година, со кое решение утврдил дека концентрацијата е дозволена и нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел и е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став 1 точка 2. Ова дотолку повеќе што во моментот на поведување на прекршочната постапка, веќе биле прекинати дејствијата кои претставуваат прекршок, бидејќи тужителите ја напуштиле концентрацијата на ден 24.07.2024 година, пред да биде поведена прекршочната постапка (на ден 07.02.2025 година), а од друга страна тужениот орган донел решение со кое утврдил дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата.

Поради претходно наведеното, Судот најде дека во конкретниот случај има потреба од повторно постапување и одлучување, при што во повторната постапка тужениот орган треба да ги има во предвид дадените напатствија, по истите да постапи, правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба и правилно да го примени материјалното право и да донесе правилна и законита одлука.

Судот го задолжи тужениот орган да им ги надомести на тужителите трошоците во постапката во вкупен износ од 9.540,00 денари, согласно член 86 став 1 од Законот за управни спорови, кои се однесуваат за судска такса за тужба и одлука во износ од 1.280,00 денари, пресметани согласно Законот за судски такси и за награда за дадена правна помош во управен спор износ од 7.000,00 денари, пресметани согласно член 8 точка 10 од Адвокатскиот тарифник и зголемени за 18% ДДВ, од причина што полномошникот на тужителите достави Решение за регистрирање за ДДВ обврзник, а во останатиот дел барањето за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот до побарнаиот износ 24.075,00 денари, го одби.

Врз основа на наведеното, согласно член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 18.11.2025 година, под УПРК. бр.18/2025.

Записничар – судски советник
м-р Наташа Витанска

Претседател на совет- Судија
м-р Тања Терзиева

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Пресуда не е дозволена жалба согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови. Против решението дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истото преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителите- полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет- Судија
м-р Тања Терзиева

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник